Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 јули 2004 година.

Бр. 07-2962/1
2 јули 2004 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Член 1

Во Законот за спречување на корупцијата ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2002) , во членот 1 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Со овој закон се уредуваат мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на судирот на интереси, мерките и активностите за спречување на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавните овластувања, како и мерките и активностите за спречување на корупцијата во трговските друштва."

Во ставот (2) по зборот "мерките" се додаваат зборовите: "и активностите".

Член 2

По членот 1 се додава нов наслов и нов член 1-а, кои гласат:

"Дефиниција на корупцијата

Член 1-а

Под корупција, во смисла на овој закон, се подразбира искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг."

Член 3

Во членот 2 се додава нов став (1), кој гласи:

"(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавните овластувања, службената должност и положба, да постапува во согласност со Уставот и со законите."

Во ставот (1) кој станува став (2) зборовите: "ја злоупотреби својата јавна функција или должност" се заменуваат со зборовите: "ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба".

Ставот (2) станува став (3).

Член 4

Членот 3 се менува и гласи:

"(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба да постапува совесно, стручно, одговорно, ефикасно и непристрасно.

(2) Никој не смее вршењето на функцијата, јавните овластувања, службените должности и положба, како и работите од јавен интерес, да ги користи за остварување на лични цели."

Член 5

Во членот 4 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Секој има право на еднаков пристап кон вршењето на работи од јавен интерес и еднакво постапување од страна на носителите на власта, лицата кои вршат јавни овластувања, службени должности и положба."

Во ставот (2) зборот "граѓанин" се брише, а по зборот "однесување" запирката се заменува со точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Ставот (3) се менува и гласи:

"(3) Секој има право да спречи или да пријави постапка што претставува користење на функцијата, јавните овластувања, службената должност и положба, со која се остварува лична корист или му се нанесува штета на друг, без да трпи какви и да било последици."

Член 6

Во членот 5 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и положба, како и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола."

Во ставот (2) зборовите: "злоупотреба на функција или должност извршена од користољубие" се заменуваат со зборовите: "искористувањето на функцијата, јавните овластувања, службената должност и положба за остварување корист, погодност или предност за себе или за друг".

Член 7

По членот 5 се додава нов наслов и нов член 5-а, кои гласат:

"Начело на одговорност

Член 5-а

(1) Секој кој е оштетен со дело на корупција има право да бара надомест на штета, вистинска штета и изгубена добивка, според принципите на солидарна одговорност од страна на сторителот на корупцијата, како и од правното лице во кое сторителот вршел функција или должност во времето на извршување на делото.

(2) Правото од ставот (1) на овој член, може да се оствари кога делото на корупција е утврдено со правосилна судска одлука."

Член 8

Насловот пред членот 6 и членот 6 се бришат.

Член 9

Во членот 7 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

"(1) За определување на значењето на изразите избран или именуван функционер, како и друго службено лице, правно лице, одговорно лице во правно лице и лице кое врши работи од јавен интерес, се применуваат одредбите за значење на изразите од Кривичниот законик.

(2) Под поимот корист се подразбира остварување на секој вид корист, погодност или предност за себе или за друг."

Член 10

Во насловот пред членот 8 по зборот "граѓани" се додаваат зборовите: "и фондации".

Член 11

Членот 8 се менува и гласи:

"(1) Финансирањето на работата и активностите на политичка партија, синдикат или здружение на граѓани и фондација е јавно и се врши согласно со закон.

(2) Финансирањето на работата и активностите на странските и меѓународните невладини организации во Република Македонија е јавна."

Член 12

Насловот пред членот 9 и членот 9 се бришат.

Член 13

Во членот 10 по зборовите: "буџетски средства на Република Македонија" се додаваат зборовите: "од буџетите на единиците на локалната самоуправа,", а по зборовите: "јавни претпријатија" се додаваат зборовите: "јавна установа,".

Член 14

Во членот 11 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) За изборна кампања не можат да се користат буџетски средства на Република Македонија, средства од буџетите на единиците на локалната самоуправа, од јавни фондови и средства на јавни претпријатија и јавни установи или правни лица што располагаат со државен капитал, освен ако тоа поинаку не е утврдено со закон со кој се уредува финансирањето на изборните кампањи на политичките партии."

Член 15

Во членот 12 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Кога постојат основи за сомневање дека буџетските средства или средствата од јавни фондови, или средствата од јавни претпријатија и јавни установи или други правни лица што располагаат со државен капитал, се непосредно или посредно, преку инвестициони

работи или на друг начин, користени за изборна кампања или воопшто за финансирање на изборна и друга политичка активност, Државната комисија презема мерки за утврдување на таквите сомневања."

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Доколку Државната комисија утврди дека сомневањата од ставот (1) на овој член се основани, за тоа ќе ги извести надлежните органи и ќе побара од нив да преземат активности во рамките на нивните надлежности."

Во ставот (3) во првиот ред зборовите: "еден месец" се заменуваат со зборовите: "три месеца".

Ставот (2) станува став (4).

Член 16

Членот 13 се менува и гласи:

"(1) Политичка партија или кандидат на изборите не смеат да прибираат и користат средства од нелегални извори.

(2) Ако се појави сомневање дека политичка партија или кандидат на изборите користеле средства од нелегални извори, Државната комисија ќе побара од надлежните органи да извршат проверка на приливот и користењето на средствата.

(3) Проверката на приливот на средства или други исплати преку банка, по барање на Државната комисија, не претставува повреда на банкарска тајна."

Член 17

Членот 14 се менува и гласи:

"(1) Давањето или ветувањето подарок, или друга корист за себе или за друг, на избирач при избори или гласање на референдум, за да гласа или да не гласа, или да гласа за определен кандидат или определена одлука, се смета за поткуп при избори и гласање.

(2) Доколку Државната комисија дознае или има основи за сомневање за дејствија од ставот (1) на овој член, за тоа писмено ќе го извести надлежниот јавен обвинител и Државната изборна комисија.

(3) Јавниот обвинител и Државната изборна комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето од ставот (2) на овој член ја известуваат Државната комисија за преземените мерки и активности во рамките на своите надлежности."

Член 18

Во членот 15 став (1) во првиот ред зборовите: "ги разгледува и" се бришат.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) Бирото за јавни набавки е должно секои три месеца до Државната комисија да доставува известување за договорите за јавни набавки и други зделки од ставот (1) на овој член што ги склучиле државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и други правни лица што располагаат со државен капитал.

(3) Доколку Државната комисија утврди привилегии или дискриминација по однос на договорите, јавните набавки и другите зделки од ставот (1) на овој член, ќе побара од надлежните органи да преземат мерки и активности во рамките на нивните надлежности."

Ставот (2) станува став (4).

Член 19

По членот 16 се додава нов член 16-а, кој гласи:

"Член 16-а

(1) Политичка партија или лице кое истапува во име на политичка партија не смее да врши влијание при вработување, распоредување и престанок на работен однос на службено лице.

(2) Одлуката за вработување, распоредување и престанување на работниот однос мора да биде образложена и заснована на критериуми засновани на закон.

(3) Државната комисија може од надлежниот орган да бара преиспитување или поништување на одлуката донесена спротивно на ставовите (1) и (2) од овој член.

(4) Органот кој ја донел одлуката од ставот (2) на овој член е должен да постапи по барњето на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето."

Член 20

Во членот 17 став (1) во вториот ред зборот "го" се брише, а зборот "прашањето" се заменува со зборот "прашање".

Во ставот (3) зборовите: "кој и да било" се заменуваат со зборот "секој", а по зборовите: "јавно претпријатие" се става запирка и се додаваат зборовите: "јавна установа".

Член 21

Во членот 19 став (2) во вториот ред по зборот "заштита" се брише точката и се додаваат зборовите: "согласно со закон".

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Барањето за надомест на штета од ставот (2) на овој член се поднесува до надлежен орган."

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 22

Во членот 20 став (1) зборовите: "воопшто" и "никаков" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

"(2) За извршениот притисок во работата или во преземањето конкретни дејствија, лицата од ставот (1) на овој член ја известуваат Државната комисија."

По ставот (2) се додава нов став (3) , кој гласи:

"(3) За извршениот притисок во работата или преземањето конкретни дејствија врз членовите на Државната комисија, Државната комисија го известува Собранието на Република Македонија."

Член 23

Во членот 21 став (2) зборовите: "неговиот непосредно претпоставен" се заменуваат со зборовите: "функционерот кој раководи со органот".

Во ставот (4) во третиот ред по зборовите : "јавно претпријатие" се брише точката и се додаваат зборовите: "јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал".

Член 24

Во членот 22 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Избран или именуван функционер, како и друго службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал не може, во вршењето на својата функција, односно служба, да воспостави деловни односи со правно лице што го основал тој или член на неговото семејство, или во кое одговорното лице е член на неговото семејство, а доколку деловните односи се воспоставени од порано, е должно да се изземе од какво и да било одлучување и за тоа да ја извести Државната комисија."

Ставот (2) се брише.

Член 25

Во членот 23 по зборовите: "јавно претпријатие" се додаваат зборовите: "јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал".

Член 26

Членот 24 се менува и гласи:

"Избран или именуван функционер, како и друго службено или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа и друго правно лице што располага со државен капитал, е должно веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на изборот, именувањето, вработувањето или од стапувањето на должност, на Државната комисија да и го пријави секој промет со државен имот со кој се стапува во правен однос со правно лице основано од него или член на неговото семејство или во кое одговорно лице е член на неговото семејство."

Член 27

Во членот 25 став (1) во вториот ред по зборовите: "јавно претпријатие" се додаваат зборовите: "јавна установа".

Ставот (2) се брише.

Член 28

Во членот 26 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Кога како корисници на донации и друга странска помош се јавуваат државните органи, јавните претпријатија, јавните установи и другите правни лица што располагаат со државен капитал тие се должни да ја известат Државната комисија за планот за користење на средствата и да и достават завршен извештај за користење на средствата."

Член 29

Членот 27 се менува и гласи:

"Избран или именуван функционер, како и друго службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал што во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должност ќе основа трговско друштво или ќе започне да се занимава со дејност со која се остварува профит во областа во која работел, е должно во рок од 30 дена за тоа да ја извести Државната комисија."

Член 30

Во членот 28 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или во друго правно лице што располага со државен капитал не може во текот на траењето на мандатот, односно должноста и во рок од три години по нејзиниот престанок да стекне по која и да е основа и во кој и да е облик акционерски права во правно лице врз кое тој или органот во кој работи или работел врши, односно вршел надзор, освен ако тие права ги стекне по пат на наследување."

Член 31

Во членот 29 став (1) по зборовите: "јавно претпријатие" се додаваат зборовите: "јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал".

Член 32

Во членот 30 зборовите: "од помала вредност" се заменуваат со зборовите: "во вредност чија висина е утврдена со закон".

Член 33

Во членот 32 ставови (1), (2) и (3) по зборовите: "јавно претпријатие" се додаваат зборовите: "јавна установа".

Член 34

Во членот 33 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Избран или именуван функционер, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, службено лице при изборот, именувањето, односно по вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот. именувањето, вработувањето или стапувањето на должност, пополнува анкетен лист со детален попис на недвижен имот, подвижни предмети од поголема вредност, хартии од вредност и побарувања и долгови, како и друг имот што е во негова сопственост или сопственост на членовите на неговото семејство."

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Лицата од ставот (1) на овој член имаат обврска да пополнат Анкетен лист во рок од 30 дена по престанувањето на функцијата, односно престанувањето на вработувањето."

Во ставот (2) кој станува став (3) во првиот ред по зборовите: "При изборот" се додава зборот "именувањето", а по зборовите: "односно по" се додаваат зборовите: "вработувањето или по".

Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:

"(4) Избраниот или именуван функционер, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, Анкетниот лист од ставовите (1) и (2) и изјавата од ставот (3) на овој член, ги доставува до Државната комисија и Управата за јавни приходи, а службеното лице, до органот, односно правното лице во кое се вработува. Надлежниот орган, односно правното лице во кое се вработува службеното лице, Анкетниот лист го доставува до Државната комисија во рок од 60 дена од денот на вработувањето."

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

"(5) Избраниот или именуван функционер, одговорното лице во јавното претпријатие, во јавната установа или друго правно лице што располага со државен капитал, има обврска да ја извести Државната комисија доколку има промена на функцијата, односно својството."

Во ставот (4) кој станува став (6) зборовите: "Влада на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Државна комисија".

Член 35

Во членот 34 став (1) зборовите: "остварени во стопанството" и зборовите: "во Републиката" се бришат.

Член 36

Членот 36 се менува и гласи:

"(1) Против избран или именуван функционер, како и друго службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, може да се поведе постапка за испитување на имот и имотна состојба, ако лицето во Анкетниот лист од членот 33 на овој закон:

- не дало податоци;

- дало невистинити или непотполни податоци;

- или ако не пријавило промена на имотот, односно во пријавата од членот 34 на овој закон дало невистинити и непотполни податоци.

(2) Против лицето од ставот (1) на овој член постапката ќе се поведе и ако се утврди дека неговиот имот или имотот на член на неговото семејство, во текот на траењето на мандатот, односно вршењето на должноста или траењето на вработувањето, е несразмерно зголемен во однос на редовните примања во вид на плати, дивиденди и други приходи од вршење на дејност или имот.

(3) Постапката од ставот (1) на овој член ја поведува Управата за јавни приходи.

(4) Барање за поведување на постапка може да поднесе и Државната комисија.

(5) Со поведување на постапката, Управата за јавни приходи поднесува и предлог до надлежниот основен суд за времена мерка за забрана за располагање со имот."

Член 37

По членот 36 се додаваат два нови члена 36-а и 36-б, кои гласат:

"Член 36-а

(1) Ако во постапката за испитување на имотот и имотната состојба не се докаже дека имотот е стекнат, односно зголемен како резултат на редовни примања, што се пријавени и оданочени, Управата ќе донесе решение за оданочување земајќи ја како основица за оданочување разликата меѓу утврдените редовни, пријавени и оданочени примања на лицето и членовите на неговото семејство и проценетата пазарна вредност на имотот. Така утврдената основица се оданочува со стапка од 70% од разликата меѓу оданочените и пријавените примања, односно пазарната вредност на имотот.

(2) Доколку се утврди дека имотот е зголемен во големи размери, Управата за јавни приходи поднесува кривична пријава против лицето до надлежното јавно обвинителство.

(3) За преземените дејствија од ставовите (1) и (2) на овој член Управата за јавни приходи ја известува Државната комисија.

Член 36-б

(1) Против конечното решение за оданочување од членот 36-а на овој закон, може со тужба да се поведе управен спор пред надлежниот суд определен со закон. Постапката пред судот е итна.

(2) Управата за јавни приходи поднесува предлог за извршување во рок од осум дена по правосилноста на решението, односно пресудата, до надлежниот основен суд, кој наредува извршувањето да се спроведе веднаш, а најдоцна во рок од три дена по приемот на предлогот.

(3) Против предлогот за извршување не е дозволен приговор.

(4) Правосилното решение, односно пресуда се извршува врз целокупниот имот на лицето, како и врз имотот на членовите на неговото семејство, а ако имотот од започнувањето на постапката за негова проверка е пренесен на трети лица без надоместок или со надоместок што не одговара на неговата утврдена пазарна вредност, се извршува и врз така пренесениот имот. За приговорот дека тие лица дале за пренесениот имот надоместок што одговара на пазарната вредност, судот одлучува само врз основа на веродостојни исправи за основот и начинот на плаќањето, во рок од три дена по поднесувањето на приговорот. Против приговорот е дозволена жалба во рок од осум дена од приемот на одлуката. Второстепениот суд одлучува по жалбата во рок од три дена по нејзиното примање.

(5) Во текот на судската постапка и постапката за извршување, претседателот на надлежниот суд е должен по службена должност да внимава на почитување на роковите, доставата на судските акти и брзината на извршувањето на правосилната одлука."

Член 38

Во членот 37 став (1) во вториот ред по зборовите: "јавно претпријатие" се додаваат зборовите: "јавна установа".

Во ставот (2) во третиот ред по зборот "стручно" се додава зборот "непристрасно".

Член 39

Членот 40 се менува и гласи:

"(1) Службеното лице од кое неговиот претпоставен или избран или именуван функционер бара во вршењето на службата да постапи спротивно на Уставот, закон или друг пропис, е должно за тоа да му укаже на оној кој ја издал наредбата .

(2) Доколку и по усното укажување, непосредно претпоставениот ја повтори наредбата од ставот (1) на овој член, службеното лице веднаш за тоа писмено ќе го извести непосредно повисокиот претпоставен од оној кој ја издал наредбата и Државната комисија. По писменото укажување службеното лице е ослободено од обврската за незаконито вршење на службено дејствие и не може за тоа да биде повикано на одговорност."

Член 40

Членот 41 се менува и гласи:

"Избран или именуван функционер, како и друго службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да го пријави секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите од овој закон, за кои дознало во вршењето на својата должност."

Член 41

Во членот 42 ставот (1), се менува и гласи:

"(1) Избран или именуван функционер, како и друго службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа и друго правно лице што располага со државен капитал не смее да ја користи својата положба вршејќи влијание врз друго лице во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице, за тоа да донесе или не донесе определена одлука, да стори нешто, да пропушти или да трпи, заради остварување корист, погодност или предност за себе или друг."

Член 42

Членот 44 се менува и гласи:

"Избран или именуван функционер, како и друго службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал на кое му е понуден поткуп, должно е да преземе мерки на идентификација на понудувачот и да го пријави на надлежен орган."

Член 43

Членот 45 се менува и гласи:

"Лицето обвинето за дело на корупција без одлагање го известува органот кој го избрал или именувал, односно својот претпоставен и Државната комисија."

Член 44

Во членот 46 став (1) зборовите: "Секое лице кое" се заменуваат со зборовите: "Секој кој", а зборот "пресуда" се заменува со зборот "одлука".

Во ставот (2) зборовите: "Лицето што е оштетено" се заменуваат со зборовите: "Секој што е оштетен", зборот "може" се заменува со зборовите: "има право", а зборот "пресуда" се заменува со зборот "одлука".

Член 45

Во членот 47 став (1) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и има својство на правно лице.".

Ставот (3) се брише.

Член 46

Во членот 48 став (1) по зборовите: "ги именува" се додаваат зборовите: "и разрешува", а зборот "четири" се заменува со зборот "пет".

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Членовите на Државната комисија функцијата ја вршат професионално."

Ставот (3) станува став (4).

Член 47

По членот 48 се додаваат три нови члена 48-а, 48-б и 48-в, кои гласат:

"Член 48-а

Член на Државната комисија се разрешува ако:

- тоа сам го побара;
- биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца и
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата.

Член 48-б

Средствата за извршување на функцијата на Државната комисија се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија.

Член 48-в

(1) За вршење на стручните, административните и техничките работи на Државната комисија се формира Секретаријат како стручна служба на Државната комисија.

(2) Со Секретаријатот раководи секретар кој го именува и разрешува Државната комисија.

(3) Секретарот и вработените во Секретаријатот на Државната комисија имаат статус на државни службеници."

Член 48

Во членот 49 став (1) алинеја 4 по зборот "граѓани" се додаваат зборовите: "и фондации".

Во алинејата 5 по зборот "разрешување" се додава зборот "распоредување".

Во алинејата 6 зборот "овој" се брише.

Во алинејата 7 во првиот ред по зборот "состојба" се брише запирката и се додава сврзникот "и", а зборовите: "дополнителни и други профитни активности" се бришат.

Алинејата 9 се брише.

Алинејата10 се менува и гласи:

"- поднесува годишен извештај за својата работа и за преземените мерки и активности до Собранието на Република Македонија, а го доставува до претседателот на Републиката, Владата на Република Македонија и средствата за јавно информирање;".

Во алинејата 11 зборот "сузбивање" се заменува со зборот "спречување".

Во алинејата 12 зборовите: "органи и тела" се заменуваат со зборот "организации", а зборот "сузбивање" се заменува со зборот "спречување".

По алинејата 13 се додава нова алинеја 14, која гласи:

"- донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот;".

Во ставот (2) по зборот "резултати" запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 49

Во членот 50 ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Член 50

Членот 52 се менува и гласи:

"(1) Заради разјаснување на определени прашања, важни за донесување одлука, Државната комисија може да го повика и лицето за кое се води постапката, како и други лица.

(2) Ако лицето од ставот (1) на овој член не се отповика на поканата, Државната комисија го разгледува случајот врз основа на другите докази со кои располага.

(3) Постапката од ставот (1) на овој член е доверлива."

Член 51

Насловот пред членот 54 се менува и гласи:

"Вршење увид во документацијата на државните органи и други правни лица."

Член 52

Во членот 54 зборовите: "трошењето на средствата" се заменуваат со зборот "документацијата".

Член 53

Во членот 55 став (2) зборовите: "може да покрене" се заменуваат со зборовите: "по сопствена иницијатива и по барање на Државната комисија поведува". Во втората реченица по бројот "36" се додаваат зборовите: "и член 36-а".

Во ставот (3) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и фондации".

Член 54

Во членот 56 став (2) по зборовите: "извори на информации" се брише точката и се додаваат зборовите: "во согласност со закон.", а зборот "тајна" се заменува со зборот "доверлива".

Член 55

Во членот 58 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Секој вработен во банка, штедилница, менувачница, осигурително друштво, берза или друга финансиска организација е должен веднаш да пријави сомнителна трансакција што е во врска со корупција. Пријавата се доставува до одговорното лице во тоа правно лице и органите определени со закон и до Државната комисија."

Член 56

Во членот 59 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Одговорно лице во трговско друштво или друго правно лице не смее да ја искористи својата положба, да прими награда или каква и да е друга корист или ветување за тоа, за себе или за друг, заради:

- создавање монополска положба на пазарот;
- дискриминација на други трговски друштва или други правни лица;
- предизвикување растројство на пазарот и
- причинување штета на друго физичко или друго правно лице,
- што не е резултат на лојална конкуренција на пазарот."

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Трговско друштво или друго правно лице не смее да воспостави односи на деловна соработка со трговско друштво или друго правно лице кога постои судир на интереси."

Ставот (2) станува став (3).

Во ставот (3), кој станува став (4), во првиот ред по бројот "1" се додаваат броевите: "2 и 3".

Ставот (4) се брише.

Ставот (5) се менува и гласи:

"(5) Ако постои основано сомневање во вистинитоста на годишната завршна сметка што ја поднесува правното лице или на другите деловни книги и финансиски документи, на барање на Државната комисија Управата за јавни приходи ќе изврши контрола на материјално-финасиското работење."

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

"(6) Ако постои основано сомневање во вистинитоста на податоците за материјално финансиското работење на трговското друштво или друго правно лице, на барање на Државната комисија, надлежните органи ќе извршат контрола на материјално-финансиското работење на тоа правно лице.

(7) Ако по извршената контрола од ставот (6) на овој член се констатираат неправилности, Управата за јавни приходи против одговорното лице во трговското друштво и другото правно лице, односно членовите на органот на управување во правното лице, ќе покрене постапка за испитување на имотната состојба. Постапката се води според одредбите на членот 36 и членот 36-а од овој закон."

Член 57

Членот 60 се менува и гласи:

"(1) Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок политичка партија која користи средства за финансирање спротивно на одредбите на членовите 10,11,12 и 13 од овој закон.

(2) Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок одговорното лице во правното лице доколку постапи спротивно на одредбите од членовите 10,11,12 и 13 на овој закон.

(3) Доколку постапувањето од ставот (1) на овој член е сторено од користољубие или е предизвикана поголема материјална штета, одговорното лице во правното лице и политичка партија ќе се казни за прекршок во двоен износ од висината на казната од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) Средствата од неидентификуваните извори се одземаат и конфискуваат."

Член 58

Во членот 62 по бројот " 21" се додава бројот " 22".

Член 59

Во членот 63 по бројот " 26" се додава бројот "27".

Член 60

Во членот 65 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: "спротивно на членот 56 од овој закон.".

Член 61

Во членот 68 став (2) зборот "запленува" се заменува со зборот "конфискува".

Член 62

По членот 71 се додава нов член 71-а, кој гласи:

"Член 71-а

Мандатот утврден во членот 48 од овој закон ќе се однесува на членовите на Државната комисија избрани по истекот на мандатот на постојните членови на Комисијата."

Член 63

Актите за внатрешната организација и систематизација на работните места на Секретаријатот, Државната комисија ќе ги донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 64

По членот 72 се додаваат четири нови члена 72-а, 72-б, 72-в и 72-г, кои гласат:

"Член 72-а

Секретаријатот од членот 48-в на овој закон ќе се формира во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на актите од членот 49 на овој закон, за внатрешна организација и систематизација на работните места на Секретаријатот.

Член 72-б

Вработените кои на денот на влегување во сила на овој закон ги вршат работите во Министерството за правда - Сектор за превенција на криминалот и спречување на корупцијата, се преземаат во Секретаријатот на Државната комисија, согласно со одредбите од Законот за државните службеници.

Член 73-в

(1) Органите, односно правните лица од членот 33 став (4) на овој закон, се должни во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, да обезбедат услови за пријавување и евиденција на имотната состојба на вработените.

(2) Лицата кои на денот на влегувањето во сила на овој закон се вработени во органите и правните лица од ставот (1) на овој член, се должни да го пријават својот имот во рок од еден месец од обезбедувањето на условите од ставот (1) на овој член.

Член 73-г

Членовите на Државната комисија правото на месечниот надоместок за вршење на функцијата продолжуваат да го остваруваат до крајот на мандатот."

Член 65

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за спречување на корупцијата.

Член 66

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".